МКС
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

**ОПШТИНА ШТИП**

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Број 09-943/11*
*09.03.2021 година*
*Ш т и п*

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административните службеници ( Службен весник на Република Македонија 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/19 и 14/20) Градоначалникот на Општина Штип ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

### ЗА ИЗБОР НА КАНДИДАТ ПО ИНТЕРЕН ОГЛАС

За работното место – советник за спроведување на постапките за продавање на градежно земјиште во одделение за уредување на градежно земјиште, регулација и геодетски работи/сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животната средина се избира кандидатот Тања Петрова.

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно распишаниот интерен оглас бр.03/2021 објавен на интернет страницата на Општина Штип и интернет страницата страница на Агенцијата за администрација на 19.02.2021 година, за работното место советник за спроведување на постапките за продавање на градежно земјиште шифра УПР 0101 В01 000 во одделението за уредување на градежно земјиште, регулација и геодетски работи/сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животната средина, Комисијата за селекција за унапредување по интерен оглас број 03/2021 се состана во просториите на Агенцијата за администрација на 05.03.2021 година, заради спроведување на административната селекција. Од поднесените пријави беше утврдено дека беше поднесена само една пријава од страна на кандидатот Тања Петрова вработена во Општина Штип на работно место соработник за спроведување на постапките за продавање на градежно земјиште со Шифра УПР 0101 В03 000 во одделението за уредување на градежно земјиште, регулација и геодетски работи/сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште,комунални работи и заштита на животната средина. Согласно записникот бр.09-943/8 на комисијата за административна селекција за интерен оглас, се утврди дека кандидатот Тања Петрова ги исполнува општите и посебните услови наведени во интерниот, оглас при што се пристапи кон втората фаза односно на 05.03.2021 година во просториите на Агенцијата за администрација беше одржано интервјуто со единствениот пријавен кандидат.

*Општина Штипул. „ВасилГлавинов“бр. 4Б,2000Штип, РепубликаСевернаМакедонија*
*ГрадоначалникТел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mke-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*

Бидејќи кандидатот успешно ги помина и административната селекција и интервјуто по распишаниот интерен оглас, Комисијата состави предлог одлука бр.09-943/9 од 05.03.2021 година, со која на Градоначалникот на Општина Штип му предлага да донесе одлука за избор на прво рангираниот кандидат по интерниот оглас, односно да донесе Одлука за избор на кандидатот Тања Петрова за работното место советник за спроведување на постапките за продавање на градежно земјиште со шифра УПР 0 0101 В01 000.
Согласно ваквата предлог одлука се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука

Правна поука: Против оваа Одлука незадоволната страна има право на приговор до Агенцијата за администрација преку Градоначалникот на Општина Штип во рок од осум (8) дена од денот на приемот на оваа одлука.

ОПШТИНА ШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК
Д-р Сашко Николов